20252504861

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за средното образование,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 декември 2025 година.

Бр. 08-6880/1
5 декември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија” број 44/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 41/2001, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 88/2009, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 229/20, 269/23, 78/25 и 132/25), во членот 9-а став (2) во алинејата 3 зборовите: „државна матура, училишна матура, завршен испит“ се заменуваат со зборовите: „испити на крајот на средното образование“.

Член 2

Во членот 9-д став (2) зборовите: „државна матура, училишна матура, завршен испит“ се заменуваат со зборовите: „испити на крајот на средното образование“.

Член 3

Во членот 11-а став (3) зборовите: „Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит“ се заменуваат со зборовите: „Концепцијата за испити на крајот на средното образование“.

Член 4

Во член 40-а во ставовите (1) и (2) по зборот „матура“ се става запирка и се додаваат зборовите: „државната стручна матура и државната уметничка матура“.

Член 5

Во член 41-а ставовите (1), (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(1) За ученикот кој е со статус на редовен ученик во средно училиште се организира бесплатен превоз до училиштето, ако ученикот не се смести во ученички дом.

(2) Ученикот од ставот (1) на овој член има право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри од средното училиште во кое ученикот е запишан и ја посетува наставата и ако избраниот сектор и квалификација не се застапени во општината во која ученикот живее.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, ако во општината во која живее ученикот при запишувањето во прва година на образование се пополнети сите места во училиштето, односно училиштата во општината, ученикот има право на бесплатен превоз до средно училиште во друга општина во кое е ученикот запишан, ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри и ако ученикот ја посетува наставата.“.

Ставовите (7) и (8) се бришат.

Ставот (9) станува став (7).

Член 6

Во член 59-б во став (2) алинејата 4 се менува и гласи:

„- ниво Г1 самостоен референт (технички секретар кој врши благајнички и други слични работи, благајник и технички секретар).“.

Алинејата 5 се брише.

Член 7

Одредбата од членот 5 од овој закон, со кој се бришат одредбите од членот 41-а ставови (7) и (8), ќе започне да се применува за организирање на превозот на учениците од учебната 2026/2027 година.

Член 8

Одредбите од членот 6 од овој закон, со кои во членот 59-б во ставот (2) се менува алинејата 4 и се брише алинејата 5 ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.